# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратoк документ

април-јуни 2025 г.

Институт за европска политика. Скопје

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај април-јуни 2025 г.


Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери



Автори:
Ардита Вејсели
Беба Жагар
Јулијана Караи
Петар Барлаковски



Превод од англиски на македонски јазик:
Наташа Колеќевска Георгиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2025

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



**Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ за периодот од април до јуни 2025 година. Тој вклучува следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

- Во април, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја одржа својата конститутивна седница. Во јуни, усвои позитивно мислење за предлог Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, како и за Акцискиот план 2025–2028.
- Во јуни, Собранието ги усвои новите закони за електронски комуникации, за безбедност на мрежите и информациските системи (исто така познат како Закон за сајбер безбедност), за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и за архивирање на електронски документи.
- Предлог Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, и Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници влегоа во собраниска процедура.
- Беа избрани нов заменик-претседател на Судскиот совет и нов заменик-директор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО).
- Кон средината на јуни, Владата ја усвои Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028, со Акциски план.
- Новиот состав на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупција ја одржа својата конститутивна седница на почетокот на април.
- Под сомнение за откривање службени тајни, на претседателката на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) Кривичниот суд во Скопје ѝ изрече забрана за вршење работни активности.
- На крајот на мај беше завршена истрагата за пожарот што избувна во ноќен клуб во градот Кочани. Кон средината на јуни беше поднесено обвинение против 34 физички и три правни лица за тешки кривични дела против јавната безбедност.
- Процесот за избор на нов национален судија во ЕСЧП е во тек, а списокот со тројца кандидати во потесен избор беше објавен на 9 мај.
- Индексот за слобода на медиумите во светот за 2024 година на „Репортери без граници“ ја рангираше Северна Македонија на 42. место, што е за шест места подолу од претходното рангирање на 36. место.
- Собранието назначи нови членови во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и нов член во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **АААВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕПИ-Скопје** | Институт за европски политики-Скопје |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ГДПР** | Општа регулатива за заштита на податоци |
| **МФН** | Меѓународна федерација на новинари |
| **ИВЗ** | Исламска верска заедница |
| **ЛГБТИ+** | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **ПС** | Пратеник во Собранието |
| **МЈА** | Министерство за јавна администрација |
| **НПИ** | Национална платформа за интероперабилност |
| **НИС** | Мрежни и информациски системи |
| **АНБ** | Агенција за национална безбедност |
| **РЈА** | Реформа во јавната администрација |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **РЕСИС** | Институт за истражување на општествениот развој |
| **РеСПА** | Регионална школа за јавна администрација |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **СДСМ** | Социјалдемократскиот сојуз на Македонија |
| **СИГМА** | Поддршка за подобрување во владеењето и управувањето |
| **SLAPP** | Стратешки тужби против учество на јавноста |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **TOEFL** | Тест за познавање на англискиот јазик како странски јазик |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ВеБЕР** | Проект за овозможување на граѓанското општество за мониторинг на реформата на јавната администрација во Западен Балкан |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ..... 6

Избори ..... 7
Собрание ..... 7
Владеење ..... 8
Граѓанско општество ..... 10
Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ..... 11
Реформа на јавната администрација ..... 11

**Поглавје 23** ..... 13

Функционирање на судството ..... 14
- Управни тела ..... 14
- Независност и непристрасност ..... 14
- Отчетност ..... 14
- Професионализам и компетентност ..... 15
- Квалитет на правдата ..... 16
- Ефикасност ..... 16

Борба против корупцијата ..... 17
- Државна комисија за спречување на корупција ..... 17
- Јавно обвинителство ..... 18
- Правна рамка ..... 19

Темелни права ..... 20
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ..... 20
- Народниот правобранител ..... 21
- Затворски и притворски установи ..... 21
- Заштита на личните податоци ..... 22
- Слобода на изразување ..... 23
- Ранливи групи и начелото на недискриминација ..... 24
- Род ..... 26
- ЛГБТИ+ ..... 27
- Роми ..... 28

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Во мај, Уставниот суд ги укина одредбите според кои кога подносител на листа на кандидати за пратеници, односно за членови на Совет или за градоначалник е група избирачи, требаше да се соберат најмалку 1% потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на една изборна единица. Според претседателот на Судот, со одлуката - донесена со мнозинство гласови - се утврдува дека овие одредби се некомпатибилни со принципите на политички плурализам и заштитата на темелните права и слободи. Со оглед дека пресудата не ги поништи туку ги укина спорните членови, претходното законско решение не се враќа автоматски. Следствено, независните кандидати сè уште не можат да се регистрираат за избори сè додека Собранието не ги усвои потребните законски измени за усогласување на Изборниот законик со одлуката на Судот.[1]

# Собрание

По смртоносниот пожар во ноќен клуб во Кочани, во кој загинаа над 60 луѓе, Собранието ги суспендираше сите парламентарни активности, а продолжи со работа на 1 април.[2] По несреќата, Собранието гласаше против интерпелацијата за министерот за внатрешни работи, при што 72 пратеници гласаа против, 20 беа „за“ и ниту еден не беше воздржан. Предлогот, поднесен од Левица и поддржан од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и Демократската унија за интеграција (ДУИ), содржеше десет критички точки, од кои пет директно се однесуваа на околностите околу трагедијата во Кочани. Левица го обвини министерот за непрофесионалност, неодговорност и неетичко однесување, наведувајќи незаконски дејствија, интерни скандали и чести кадровски промени во Министерството за внатрешни работи.[3] Во април, Уставниот суд го отфрли барањето поднесено од лидерот на партијата Левица против поранешниот претседател на Собранието, во кое се тврди дека е прекршено неговото право на политичко дејствување. Во својата претставка, лидерот на партијата тврди дека неговите уставни права биле прекршени кога претседателот одбил да ја достави неговата иницијатива за дополнителен референдум до надлежните собраниски тела за да биде разгледана, и наместо тоа ја прогласил иницијативата за нерегуларна.[4]

Во јуни, парламентарната група на Европскиот фронт поднесе барање за интерпелација до претседателот на Собранието против претседателот на Уставниот суд. Во барањето се наведува намерно кршење на Законот за употреба на јазиците и член 101 од Законот за Уставниот суд.[5]

На крајот од месецот, Левица поднесе уште едно барање за интерпелација, овој пат против јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Партијата наведе институционална нефункционалност и политичко мешање, изразувајќи загриженост поради селективни истраги, политички притисок, недостаток на институционална координација и неактивност во врска со урбаната корупција.[6]

1 Уставен суд на Република Северна Македонија, У.бр.186/2024 Скопје, 20.05.2025 година, 20 мај 2025, https://ustavensud.mk/archives/34667.

2 По две недели пауза, пратениците се враќаат на работа, Слободен печат, 1 април 2025, https://www.slobodenpecat.mk/po-dve-nedeli-pauza-pratenicite-se-vrakjaat-na-rabota/.

3 Собрание: Не помина интерпелацијата за Панче Тошковски), 27 април 2025, DW News, https://www.dw.com/mk/sobranie-ne-pomina-interpelacijata-za-ministerot-pance-toskovski/a-72390599.

4 Уставниот суд го одби Барањето на подносителот Димитар Апасиев, Уставен суд, 9 април 2025, https://ustavensud.mk/archives/33490.

5 Европски фронт поднесе интерпелација за претседателот на Уставен суд Дарко Костадиновски) A1On, 4 јуни 2025, https://a1on.mk/macedonia/evropski-front-podnese-interpelacija-za-pretsedatelot-na-ustaven-sud-darko-kostadinovski/.

6 Левица поднесе интерпелација за републичкиот јавен обвинител Коцевски поради нефункционалност и политички влијанија, 26 јуни 2025, Телевизија 24, https://24.mk/details/levica-podnese-interpelacija-za-republichkiot-javen-obvinitel-kocevski-poradi-nefunkcionalnost-i-politichki-vlijanija.

# Владеење

Периодот беше обележан со зголемена политичка поларизација, трагичен инцидент со пожар во Кочани и растечки тензии во и меѓу различните гранки на власт. Овие случувања резултираа со промени низ политичките структури, вклучувајќи го и реизборот на лидерот на партијата на СДСМ,[7] назначувањето на нов в.д. градоначалник на Кочани[8] и изборот на нов гувернер на Народната банка.[9]

По пожарот во ноќниот клуб во Кочани, кој резултираше со 62 жртви, Собранието привремено ја прекина својата работа. Граѓанското општество и семејствата на жртвите организираа серија протести („Марш за ангелите“), барајќи одговорност и забрзани судски постапки.[10] Јавното обвинителство ја прошири истрагата, идентификувајќи 52 физички и три правни лица, вклучително и поранешни владини функционери и инспектори.[11] Во јуни, беа поднесени официјални обвиненија против 34 физички лица и три компании, вклучувајќи го и сопственикот на објектот каде што се наоѓаше ноќниот клуб.[12]

Политичкиот одговор на трагедијата беше обележан со интерпелации, кривични пријави и парламентарни истраги. Левица поднесе кривични пријави против премиерот за наводно попречување на правдата[13] и успеа да свика седница на анкетната комисија за човекови права без учество на парламентарното мнозинство. Претседателот на комисијата изрази загриженост за институционалната одговорност и сѐ помалиот број на лица што се предмет на гонење. Некои пратеници од СДСМ и Европскиот фронт изразија поддршка за понатамошна истрага, критикувајќи го отсуството на одговорност.[14]

Напорите на СДСМ да се усвои закон за обештетување на жртвите беа неуспешни.[15] ДУИ тврдеше дека истрагата била селективна и политички мотивирана, и несразмерно насочена кон припадници на албанската заедница.[16]

Во април, Уставниот суд ја поништи одлуката на Владата од 26 март 2024 г. со која се одобрува основањето на приватното средно училиште „Медресеја Иса Беу“ во Кондово, Скопје, прогласувајќи ја за неуставна и незаконска, врз основа на тоа што Владата спротивно на прописите ѝ дозволила на Исламската верска заедница (ИВЗ) да основа средно училиште.[17]

7 СДСМ гласа за претседател, на ливчето е само името на Венко Филипче, 360 Степени, 6 април 2025, https://360stepeni.mk/sdsm-glasa-za-pretsedatel-na-livcheto-e-samo-imeto-na-venko-filipche/

8 Венко Крстевски избран за в.д градоначалник на Општина Кочани, Сител Телевизија, 14 април 2025, https://Sitel.com.mk/venko-krstevski-izbran-za-vd-gradonachalnik-na-opshtina-kochani

9 Професорот д-р Трајко Славески – нов гувернер на Народната банка на Македонија, Нова Македонија, 30 мај 2025, https://novamakedonija.com.mk/pecateno-izdanie/profesorot-d-r-trajko-slaveski-nov-guverner-na-narodnata-banka-na-makedonija/.

10 Институциите да побрзаат со постапките за „Пулс“, порачаа родителите на „Маршот за ангелите“, Радио Слободна Европа, 28 јуни 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33457875.html?utm_source=vesti.mk&utm_medium=mobile_app&utm_campaign=vesti.mk.

11 Со истрагата за пожарот во Кочани опфатени 45 лица, Обвинителството негира селективност во постапувањето, Frontline, 14 април 2025, https://frontline.mk/2025/04/14/so-istragata-za-pozharot-vo-kochani-opfateni-45-lica-obvinitelstvoto-negira-selektivnost-vo-postapuva-eto/.

12 Обвинение против 34 лица за катастрофалниот пожар во Кочани, Радио Слободна Европа, 13 јуни 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/kochani-pozar-obvinenie/33442181.html.

13 Кривична пријава од Левица за Мицкоски, го обвинуваат за договор со Коцевски, Мицковски ќе поднесе контра тужба за клевета, Телевизија 24, 28 мај 2025, https://24.mk/details/krivichna-prijava-od-levica-za-mickoski-go-obvinuvaat-za-dogovor-so-kocevski-mickovski-kje-podnese-kontra-tuzhba-za-kleveta.

14 Без присуство на пратеници од власта, опозицијата со остри критики за институциите по трагедијата во Кочани, Телевизија 24, 17 јуни 2025, https://24.mk/details/bez-prisustvo-na-pratenici-od-vlasta-opozicijata-so-ostri-kritiki-za-instituciite-po-tragedijata-vo-kochani.

15 Предлог-законот на СДСМ за помош на настраданите во Кочани не доби поддршка за да се најде на дневниот ред на денешната собраниска седница, 360 Степени, 14 мај 2025, https://360stepeni.mk/predlog-zakonot-na-sdsm-za-pomosh-na-nastradanite-vo-kochani-ne-dobi-poddrshka-za-da-se-najde-na-dnevniot-red-na-deneshnata-sobraniska-sednitsa/.

16 ДУИ обвини дека истрагата за Кочани е селективна и насочена кон албанскиот народ, 360 Степени, 14 април 2025, https://360stepeni.mk/dui-obvini-deka-istragata-za-kochani-e-selektivna-i-nasochena-kon-albanskiot-narod/.

17 Уставниот суд ја укина Одлуката со која е одобрено основање на Приватното средно училиште „Медресеја Иса Беу“ во Кондово, Уставен суд, 30 април

Тензиите продолжија и во рамките на владејачката коалиција. Во април, Алијансата за Албанците објави дека ќе учествува независно на локалните избори[18] и во мај официјално излезе од владата. Лидерот на партијата, кој беше министер за здравство, поднесе оставка.[19] Собранието назначи нов министер за здравство и заменик-министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.[20] Коалицијата ВРЕДИ/ВЛЕН ја објави својата намера да се трансформира во единствен политички субјект.[21]

На општинско ниво, спорот меѓу градоначалничката на Скопје и градоначалникот на Чаир ескалираше по јавните обвинувања за дивоградба и прекршувања во делот на урбанистичкото планирање.[22] Како одговор, Основното јавно обвинителство во Скопје започна прелиминарни истраги.[23] Конфликтот ги истакна суштинските прашања во делот на локалната самоуправа и институционалниот надзор.

На меѓународно ниво, во мај, премиерите на Северна Македонија и Обединетото Кралство за време на самитот во Тирана објавија ново стратешко партнерство меѓу владите (G2G). Договорот предвидува инвестициски циклус од приближно 6 милијарди евра во клучни сектори, вклучувајќи ја инфраструктурата, транспортот и здравствената заштита.[24] Опозицијата го критикуваше отсуството на транспарентност околу партнерството и побара повеќе детали да ѝ бидат обелоденети на јавноста.[25]

2025, https://ustavensud.mk/archives/34129.

18 Алијанса за Албанците на Таравари ќе оди со свои листи за советници на локалните избори, 360 Степени, 16 април 2025, https://360stepeni.mk/alijansa-za-albantsite-na-taravari-ke-odi-so-svoi-listi-za-sovetnitsi-na-lokalnite-izbori/.

19 Таравари излегува од Владата, Алсат ТВ, 12 мај 2025, https://alsat.mk/mk/taravari-izleguva-od-vladata/.

20 Собранието го избра Азир Алиу за нов министер за здравство, Телевизија 24, 9 јуни, 2025 https://24.mk/details/sobranieto-go-izbra-azir-aliu-za-nov-minister-za-zdravstvo.

21 Коалицијата „Вреди“ се трансформира во партија – од следната недела почнува процедурата, најави Меџити, 360 Степени, 20 април 2025, https://360stepeni.mk/koalitsijata-vredi-se-transformira-vo-partija-od-slednata-nedela-pochnuva-protsedurata-najavi-medhiti/.

22 Пред зграда во Чаир, Данела Арсовска го обвини градоначалникот на Чаир за закани, фалсификат и криминална легализација на дивоградби- Висар Ганиу пред влада на промоција за е-возила, Телма ТВ, 27 мај 2025, https://bit.ly/3TU4Pwj.

23 Обвинители постапувале по првата пријава од Арсовска, DW News, 30 јуни 2025, https://www.dw.com/mk/obviniteli-postapuvale-po-prvata-prijava-od-arsovska/a-73088683.

24 Стратешко партнерство со Велика Британија - најавени инвестиции од шест милијарди евра, Радио Слободна Европа, 16 мај 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/stratesko-partnerstvo-britanija-investicii-/33416279.html.

25 СДСМ контра власта за парите од Велика Британија: „Не се знае кои се условите, колкава е каматата...“, 21 ТВ, 21 мај 2025, https://mk.tv21.tv/sdsm-kontra-vlasta-za-parite-od-velika-britanija-ne-se-znae-koi-se-uslovite-kolkava-e-kamatata/.

# Граѓанско општество

На 7 април 2025 г., Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја одржа својата конститутивна седница по именувањето на новиот состав. Претставник на Здружението Конект Скопје беше избран за претседател на Советот од редот на членовите на граѓанското општество, а претставник на Министерството за правда беше избран за заменик-претседател од редот на државната администрација.[26]

На 14 април, Советот објави јавен повик за избор на претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела на Владата и јавната администрација.[27] На својата втора седница, одржана на 8 мај, Советот номинираше претставници на граѓанското општество во неколку владини тела. Тој ја одобри предлог-стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество 2025–2028 г., препорачувајќи дополнителни консултации преку порталот Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и јавни расправи.[28]

За време на консултативниот состанок на 13 јуни во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје, засегнатите страни ја разгледаа предлог стратегијата со нејзиниот Акциски план. На својата трета седница одржана на 18 јуни, Советот усвои позитивно мислење за Стратегијата и Акцискиот план 2025–2028, истакнувајќи го нејзиниот потенцијал за зајакнување на правната рамка, институционалната соработка и финансиската одржливост на организациите на граѓанското општество.[29] Советот, исто така, дискутираше и за предложените измени на својот Деловник за работа и именуваше претставник од граѓанското општество во Секторската комисија за уметност. Прашањата што ги покренаа претставниците од граѓанското општество во текот на периодот што е предмет на овој извештај вклучуваа дискриминација, назадување во законодавството за образование и законски пречки во набавката на лекови.[30]

26 Конститутивна седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Влада на Република Северна Македонија, 7 април 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1040.

27 Јавен повик за избор на претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, Влада на Република Северна Македонија, 14 април 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1041.

28 Одржана Втората седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Влада на Република Северна Македонија, 8 мај 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1046.

29 Спроведени консултации за Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план 2025–2028, Влада на Република Северна Македонија, 13 јуни 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1048.

30 Одржана Третата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Влада на Република Северна Македонија, 18 јуни 2025, https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/1049.

# Цивилна контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор

Во април, Агенцијата за национална безбедност (АНБ) го објави својот прв јавен оглас за вработување од нејзиното основање, со цел трајно пополнување на осум позиции на извршно ниво.[31] Во истиот период, Основното јавно обвинителство (ОЈО) во Скопје доби одговор преку меѓународна правна помош од бугарските власти, како дел од предистражна постапка за сертификатот за тестот за познавање на англискиот јазик како странски јазик (TOEFL) на директорот на АНБ.[32]

По неколкумесечни проверки, јавен обвинител отфрли две анонимни кривични пријави за фалсификување и употреба на лажен документ - поточно, сертификат на TOEFL, наводно добиен од непостоечки центар за тестирање во Пловдив, Бугарија.[33] Во посебна постапка, Управниот суд ја отфрли тужбата на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) против Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, потврдувајќи ја одлуката на Агенцијата со која се бара од ДКСК да објави документи поврзани со случајот.[34] Последователно, медиумите открија несовпаѓања во кодот на центарот за тестирање на сертификатите за TOEFL на директорот, кои не се совпаѓале со официјалната регистрација на јазичниот центар со седиште во Пловдив.[35]

# Реформа во јавната администрација

Во периодот опфатен со овој извештај, беа преземени клучни законодавни и стратешки чекори во областа на реформата на јавната администрација (РЈА) и дигиталната трансформација. На 27 мај и 3 јуни 2025 година, Владата усвои пет реформски закони, вклучувајќи ги и Законот за електронски комуникации, Законот за сајбер безбедност и законска регулатива за електронски документи и архивирање.[36] Собранието ги усвои овие закони, коишто се усогласени со Директивата за мрежи и информациски системи 2 (NIS2) на Европската унија (ЕУ), на 27 јуни 2025 година.[37]

Втората седница на Советот за реформа на јавната администрација, со која претседаваше премиерот, се одржа на 1 април, на која се разгледа спроведувањето на Стратегијата за РЈА 2023-2030. Во оценката на СИГМА-Поддршката за подобрување на управувањето и управувањето беше забележан напредок во клучните области, а воедно беа истакнати и преостанатите предизвици. Секторската работна група за РЈА се состана на 28 април со засегнатите страни од ЕУ и регионот. На 30 април се одржа работилница за ажурирање на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА 2025-2026 во соработка со СИГМА и Регионалната школа за јавна администрација (ReSPA).[38]

31 Агенцијата за национална безбедност првпат објави јавен оглас за вработување, Агенција за национална безбедност, Јавен оглас 01/2025, 14 април 2025, https://anb.gov.mk/regul.html.

32 Одговорот од Бугарија за ТОЕФЛ-сертификатот на директорот на АНБ стигнал во Обвинителство, соопшти Коцевски, 360 Степени, 15 април 2025, https://360stepeni.mk/odgovorot-od-bugarija-za-toefl-sertifikatot-na-direktorot-na-anb-stignal-vo-obvinitelstvo-soopshti-kotsevski/.

33 ОЈО не најде фалсификат во дипломата на директорот на АНБ, DW News, 29 мај 2025, https://www.dw.com/mk/obvinitelstvoto-najde-dva-sertifikati-od-bugarija-edniot-go-spasi-direktorot-na-anb/a-72724242.

34 Судот пресече: ДКСК мора да даде увид во сертификатот на Бојан Христовски, Призма, 2 јуни 2025, https://prizma.mk/sudot-preseche-dksk-mora-da-dade-uvid-vo-sertifikatot-na-bojan-hristovski/.

35 Нови сомнежи за ТОЕФЛ-сертификатот на директорот на АНБ, Призма, 18 јуни 2025, https://prizma.mk/novi-somnezhi-za-toefl-sertifikatot-na-direktorot-na-anb/.

36 77-та седница на Владата, Официјална веб страница на Владата на Република Северна Македонија, 27 мај 2025, https://vlada.mk/2025-77.

37 Собранието ги донесе реформските закони за дигитална трансформација, Нова Македонија, 27 јуни 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sobranieto-gi-donese-reformskite-zakoni-za-digitalna-transformacija.

38 Одржана втора седница на Советот за реформа на јавната администрација, Официјална веб страница на Министерство за информатичко општество и администрација, 1 април 2025, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/odrzana-vtora-sednica-na-sovetot-za-reforma-na-javnata-administracija.nspx.

На 12 мај, проектот „Проект за овозможување на граѓанското општество за мониторинг на реформата на јавната администрација во Западен Балкан (WeBER) 3.0“, што го спроведува Министерството за јавна администрација (МЈА) и Институтот за европска политика - Скопје (ЕПИ) - Скопје, одржа фокус група за да обезбеди информации за Мониторот за РЈА 2024/2025. Учесниците ја идентификуваа потребата од понатамошна обука на државните службеници во однос на обезбедувањето услуги за ранливи групи, со дополнителна обука планирана за јули 2025 година и предложија интеграција во годишната генеричка програма за обука.[39]

На 20 јуни, три клучни предлог-закони за РЈА влегоа во собраниска процедура: Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за стручно усовршување на административните службеници. Тие имаат за цел да ја подобрат професионализацијата, да го поедностават вработувањето, да обезбедат правична застапеност и да основаат нова Академија за обука и развој. Во тек е работата на предлог-Законот за висока раководна служба, новиот систем на плати и Законот за организација и работа на органите на државната управа.[40]

Дигитализацијата напредуваше преку воведување на нови е-услуги на Националниот портал uslugi.gov.mk, вклучувајќи потврди за сопственост на моторни возила и потврди од кривичната евиденција. абележан е напредок во дигитализацијата со воведување на нови е-услуги на националниот портал uslugi.gov.mk, вклучувајќи и потврди за сопственост на моторни возила и потврди од кривичната евиденција.[41] Националната платформа за интероперабилност (НПИ), која сега поврзува над 50 институции и приватни субјекти, забележа пораст на трансакциите од 20%. Интеграцијата на сите 1.400 институции се планира да биде завршена до крајот на 2026 година. Првичните напори за дигитализација започнаа на општинско ниво, со пилот-активности во Битола.[42]

39 https://mja.gov.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/soopstenija/poddrska-za-ranlivite-kategorii-ministerstvoto-podgotvuva-obuki-za-drzavni-sluzbenici.

40 Предлог на Закон за административни службеници, Официјална веб страница на Собранието на Република Северна Македонија, јуни 2025, https://www.sobranie.mk/preview?id=39d44eac-ba7a-42ec-aa28-745044c649a5&url=https://sp.sobranie.mk/sites/2023/materials/638856325063747574/Documents/638858486217624855.docx&method=GetDocumentContent.

41 Потврдите за неосудуваност целосно достапни на порталот - uslugi.gov.mk, Официјална веб страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 26 април 2025, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/potvrdite-za-neosuduvanost-celosno-dostapni-na-portalot---uslugigovmk.nspx.

42 Андоновски од Битола: Дигитализацијата на општинските услуги за граѓаните ќе донесе брзи и ефикасни услуги, Официјална веб страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 24 април 2025, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/andonovski-od-bitola-digitalizacijata-na-opstinskite-uslugi-za-graganite-ke-donese-brzi-i-efikasni-uslugi.nspx.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Управни тела

На својата 524. седница одржана на 4 јуни 2025 г., Судскиот совет на Република Северна Македонија констатираше престанок на мандатот на заменик-претседателот на Советот, што стапи на сила на 8 јуни 2025 година. Беше избран нов заменик-претседател на Судскиот совет, кој стапи на должност на 9 јуни 2025 година.[43]

## Независност и непристрасност

На својата 247. седница одржана на 1 април 2025 г., Судскиот буџетски совет изрази загриженост во врска со доцнењата на согласноста од Министерството за финансии за Годишниот план за вработување за 2025 година и финансирањето на 130 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Се апелираше за итно решавање на овие прашања и обезбедување на континуирано функционирање на судството.[44]

На својата 248. седница одржана на 28 април, Советот ги разгледа барањата за вработување и, по негативното мислење од Министерството за финансии за Единствениот план за вработување за 2025 година, се согласи да поднесе ревидиран план фокусиран исклучиво на постојани работни места и внатрешни унапредувања. Советот, исто така, објави дека планира да побара состанок со министерката за финансии на кој би се осврнале на критичниот недостиг на персонал во судството.[45]

Дополнително, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи потпишаа нов протокол за соработка. Договорот ги опишува оперативните процедури и одговорностите врз основа на сложеноста на случаите, со цел да се подобри координацијата и ефикасноста во кривичните истраги и гонење.[46]

## Отчетност

На 2 април 2025 година, Советот на јавни обвинители даде негативно мислење за предлогот на Владата за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, што следеше по јавна седница и гласање со мнозинство.[47]

На својата 519. седница истиот ден, Судскиот совет разреши и привремено суспендираше двајца судии и на друг судија му изрече намалување на платата од 30% во времетраење од  шест месеци, по спроведена дисциплинска постапка. Имаше и други предмети што резултираа со слични санкции или беа затворени.[48]

43 Соопштение од 524-та седница на Судски совет, Судски совет, 9 јуни 2025, https://bit.ly/3TJDbC8.
44 Соопштение од 247-та седница на Судски буџетски совет, Судски буџетски совет , 1 април 2025, https://bit.ly/4nJwL3w.
45 Соопштение од 248-та седница на Судски буџетски совет, Судски буџетски совет , 28 април 2025, https://bit.ly/4nUqO3N.
46 Тошковски и Коцевски потпишаа нов протокол за засилена соработка на МВР и Јавното обвинителство, 360 Степени, 10 април 2025, https://360stepeni.mk/toshkovski-i-kotsevski-potpishaa-nov-protokol-za-zasilena-sorabotka-na-mvr-i-javnoto-obvinitelstvo/.
47 Соопштение за одржана средба, Совет на јавни обвинители, 2 април 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-17/.
48 Соопштение од 519-та седница на Судски совет, Судски совет, 2 април 2025, https://bit.ly/40pZK2u.

Судскиот совет, исто така, го разгледа случајот со сообраќајната несреќа во Тетово, кој предизвика јавни критики поради двегодишната казна затвор изречена на повтореното судење. Советот појасни дека претседателот на судот е обврзан од законски одредби што забрануваат построги казни по жалба (*reformatio in peius*) и формираше работна група за оценка на спроведените постапки. Наодите беа објавени јавно и беа усогласени со ставовите што беа претходно изнесени од Здружението на судии. Паралелно, Основното јавно обвинителство (ОЈО) во Тетово побара построга санкција.[49]

На своите 522.[50] и 523.[51] седница во мај 2025 година, Судскиот совет изрече дополнителни дисциплински мерки, меѓу кои намалување на платата, разрешување и привремено суспендирање на судија вклучен во случај од висок профил поврзан со нелегално прислушување. Судијата претходно бил санкциониран и ставен на црната листа на Соединетите Американски Држави. Дисциплинската постапка беше повторно отворена, а судијата останува под суспензија до конечниот исход по жалбената постапка. Друг судија, исто така, доби привремено намалување на платата поради дисциплински причини. [52]

## Професионализам и компетентност

На својата 519. седница одржана на 2 април 2025 г., Судскиот совет започна постапка за пополнување на шест позиции за судии во Апелациониот суд Штип (три во граѓанскиот и три во кривичниот оддел) и три во Вишиот управен суд. Исто така, беше именуван и нов претседател на Апелациониот суд Гостивар.[53]

На својата 521. седница одржана на 30 април, Судскиот совет именуваше нов претседател на Основниот суд Кратово. Ги пополни и местата за судии во основните судови во Велес, Струга и Скопје (и во граѓанските и во кривичните оддели), како и во Врховниот суд (граѓански и кривичен оддел). Исто така, беше објавено слободно место за судија во Основниот суд Струга.[54]

На 8 мај, Советот на јавни обвинители назначи нов обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје од осмата генерација на АСЈО. За другите основни јавни обвинителства со активни огласи - вклучувајќи ги: Битола, Велес, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Струга, Струмица и Штип – немаше пријавени кандидати. [55]

На својата 523. седница на 26 мај, Судскиот совет ги избра претседателот на Врховниот суд и претседателот на Основниот суд Крушево. Десет судии беа избрани за судии на Апелациониот суд Скопје (шестмина во граѓанскиот оддел и четворица во кривичниот оддел). Советот, исто така, објави огласи за избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Дебар и Свети Николе.[56]

49 ОЈО Тетово бара повисока казна од досудените две години за обвинетиот што ја прегази Теодора Ристовска, 360 Степени, 17 април 2025, https://360stepeni.mk/ojo-tetovo-bara-povisoka-kazna-od-dosudenite-dve-godini-za-obvinetiot-shto-ja-pregazi-teodora-ristovska/.

50 Соопштение од 522-та седница на Судски совет, Судски совет, 14 мај 2025, https://bit.ly/44Pkult.

51 Соопштение од 523-та седница на Судски совет, Судски совет, 26 мај 2025, https://bit.ly/44ZFwOC.

52 Разрешен Енвер Беџети, судијата кој заедно со Артан Груби заврши на црната листа на САД поради сомнежи за мито во судски предмет за Сашо Мијалков, Телма ТВ, 26 мај, 2025, https://telma.com.mk/2025/05/26/razreshen-enver-bedheti-sudijata-koj-zaedno-so-artan-grubi-zavrshi-na-czrnata-lista-na-sad-poradi-somnezhi-za-mito-vo-sudski-predmet-za-sasho-mijalkov/.

53 Соопштение од 519-та седница на Судски совет, Судски совет, 2 април 2025, https://bit.ly/4eS5MPr.

54 Соопштение од 520-та седница на Судски совет, Судски совет, 30 април 2025, https://bit.ly/40V6QMt.

55 Соопштение за одржана средба, Совет на јавни обвинители, 8 мај 2025, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-od-odrzhana-sednica-3/.

56 Соопштение од 523-та седница на Судски совет, Судски совет, 26 мај 2025, https://bit.ly/3IwnP1u.

## Квалитет на правдата

На својата 233. седница одржана на 24 април 2025 г., Управниот одбор на АСЈО назначи нов заменик-директор со мандат од четири години, без право на реизбор.[57]

Потоа, на 234. седница, одржана на 9 мај, Управниот одбор на АСЈО објави дека не се исполнети законските услови за организирање на приемен испит за деветтата генерација за почетна обука. Ова следеше по известување од Министерството за финансии во кое се наведува дека во буџетот за 2025 година не се предвидени средства за вработување на 130 кандидати. Како резултат на тоа, Одборот не можеше да донесе одлука согласно член 30, став 3 од Законот за Академијата.[58]

Конечно, на својата 235. седница одржана на 24 јуни 2025 г., Управниот одбор на АСЈО именуваше специјален советник на министерот за правда за член на Програмскиот совет, по номинација од Министерството за правда.[59]

Блупринт групата за реформа во правосудството изрази загриженост во врска со назначувањето на членот во Програмскиот совет на Академијата на судии и јавни обвинители, доведувајќи ја во прашање законитоста на назначувањето и квалификациите на членот согласно релевантната законска регулатива. Според групата, назначувањето покренува сериозни прашања за загрижености во врска со политичкото влијание и ризикува да ја поткопа независноста и интегритетот на Академијата и кредибилитетот на нејзините процеси на селекција и обука.[60]

## Ефикасност

Во мај, Управниот суд ја поништи одлуката на Судскиот совет за назначување судија во Уставниот суд, наведувајќи процедурални неправилности. Судот утврди дека не сите кандидати биле оценувани на ист начин, дека недостасувала релевантна документација, а законски пропишаните критериуми за избор не биле формално утврдени пред гласањето.[61]

Во јуни, Уставниот суд ги укина одредбите од Методологијата за попис од 2021 година со кои се дефинираат категориите жители и нерезиденти, прогласувајќи ги за неуставни. Судот утврди дека директорот на Државниот завод за статистика постапил надвор од своите законски овластувања со воведување категоризации преку подзаконски акт. Одлуката се однесува само на идните подзаконски акти и не влијае на резултатите од пописот во 2021 година.[62]

Во текот на периодот опфатен со извештајот беа донесени две осудителни пресуди во кривични предмети од висок профил. Во првиот, беа изречени доживотни затворски казни за киднапирање и убиство на 14-годишно девојче.[63] Во вториот, еден маж беше осуден на 12 години затвор за сообраќајна несреќа со смртоносни последици што предизвика јавни протести во Скопје, при што демонстрантите ја критикуваа перцепираната благост на казната и бараа построга казна.[64]

57 Известување од одржана 233-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, 24 април 2025, https://bit.ly/40m30vN.

58 Известување од одржана 234-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, 9 мај, 2025, https://jpacademy.gov.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-2/.

59 Известување од одржана 235-та седница на Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители, 24 јуни 2025, https://bit.ly/4nTYYou.

60 Соопштение, Блупринт група за реформи во правосудството, 4 јули 2025, https://bit.ly/3UJU1RD.

61 Соопштение за јавност, Управен суд, 19 мај 2025, https://bit.ly/3GMZDY5.

62 Уставниот суд укина одредби од Методологијата за Пописот спроведен во 2021 година, 26 јуни 2025, https://ustavensud.mk/archives/34824.

63 Доживотен затвор за грабнувачите на Вања и Панче, DW News, 25 јуни, 2025, https://www.dw.com/mk/dozivotna-kazna-zatvor-za-palevski-manev-videvski-i-kesisev-za-ubistvoto-na-vana-i-pance/a-73031511.

64 Васил Јованов осуден на казна затвор од 12 години за смртта на Фросина Кулакова, Телма ТВ, 13 мај 2025, https://telma.com.mk/2025/05/13/vasil-jovanov-osuden-na-kazna-zatvor-od-12-godini-za-smrtta-na-frosina-kulakova/.

# Борба против корупција

Во текот на овој период, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги забрза подготовките за новата Стратегија за спречување на корупцијата 2026–2030. Во мај, таа одржа иницијални консултации со експерти,[65] а потоа изготви План на активности и Методологија за проценка на ризикот од корупција.  Во јуни, беа спроведени четири фокус групи со претставници од јавни институции, државни претпријатија, бизнис секторот и граѓанското општество за да се оценат ризиците од корупција специфични за секторот.[66]

Кон средината на јуни, Владата ја усвои Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025–2028, со Акциски план. Стратегијата има за цел да ги подобри институционалните рамки за финансиски истраги, поврат на имот и управување со конфискуван имот.[67]

Во април, новоформираното Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата ја одржа својата конститутивна седница. Под претседателство на заменик претседателот на Владата за добро владеење, телото ги обединува клучните институции – како што се ДКСК, Министерството за внатрешни работи (МВР), Јавното обвинителство, Финансиската полиција, Управата за јавни приходи, Царинската управа и надлежните министерства - за да се подобри стратешката координација во борбата против корупцијата.[68]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Во текот на периодот опфатен со овој извештај, претседателката на ДКСК беше ставена под истрага за наводно откривање службени тајни во случајот „Адитив“.[69] Таа негираше дека сторила нешто незаконско, наведувајќи дека нејзиниот контакт со лицето кое подоцна беше обвинето се случил пред покренување на постапката и дека немала понатамошна вмешаност.[70] По привремената забрана за професионална дејност изречена од Кривичниот суд во Скопскиот суд, таа се повлече од извршување на работните обврски.[71] ДКСК објави дека ќе продолжи да функционира и ниту еден член не поднел оставка додека се чека на исходот од истрагата.[72]

ДКСК спроведе антикорупциска ревизија на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.[73] Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата ги критикуваше

65 Започнати активности за подготовка на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030, Официјална веб страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 13 мај 2025, https://bit.ly/4lyLrRz.

66 ДКСК започна со активности за подготовка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026–2030, Официјална веб страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 9 јуни 2025, https://bit.ly/4kLKpAz.

67 Почнува битката со нелегалниот имот - Владата со нова Стратегија за финансиски истраги, Plusinfo.mk, 17 јуни 2025, https://plusinfo.mk/pochnuva-bitkata-so-nelegalniot-imot-vladata-so-nova-strategi-a-za-finansiski-istragi/.

68 Промовирано ново тело за борба против корупцијата, Радио Слободна Европа, 8 април 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33377265.html.

69 Антикорупциска, со потпис на Димитровска, отфрлила две пријави поврзани со случајот „Адитив“, Телма ТВ, 25 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/25/antikorupcziska-so-potpis-na-dimitrovska-otfrlila-dve-prijavi-povrzani-so-sluchajot-aditiv/.

70 Димитровска од ДКСК не дава оставка: „Жалам за комуникацијата со семејниот пријател, не влијаев на истрагата“, 21 ТВ, 30 април 2025, https://mk.tv21.tv/dimitrovska-od-dksk-ne-dava-ostavka-zhalam-za-komunikatsijata-so-semejniot-prijatel-ne-vlijaev-na-istragata/.

71 Претседателката на ДКСК остана без пасош и забрана за работа во Антикорупциска, Сител Телевизија, 24 април 2025, https://Sitel.com.mk/pretsedatelkata-na-dksk-ostana-bez-pasosh-i-zabrana-za-rabota-vo-antikorupciska-0.

72 Не се чувствуваме повикани да поднесеме оставки, вели заменик-претседателката на ДКСК, 360 Степени, 30 април 2025, https://360stepeni.mk/ne-se-chuvstvuvame-povikani-da-podneseme-ostavki-veli-zamenik-pretsedatelkata-na-dksk/.

73 Извештај за антикорупциска проверка на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер), Официјална веб страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 17 април 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/04/11-1351-1.pdf.

препораките на ДКСК, предупредувајќи дека тие би можеле да ја ограничат институционалната транспарентност и да го зголемат ризикот од корупција, особено во јавните набавки.[74]

Како одговор на пожарот во Кочани, ДКСК, исто така, ги разгледа ризиците од корупција поврзани со издавање на лиценци, дозволи и надзор во повеќе законски акти, меѓу кои Законот за угостителска дејност, Законот за заштита и спасување и друго релевантно законодавство што ги регулира инспекциите, локалната самоуправа и ракувањето со експлозивни материи.[75]

## Јавното обвинителство

Во текот на овој период имаше значителен напредок во истрагата за пожарот во ноќниот клуб во Кочани, кој се случи во март.[76] Мерките притвор изречени од судот за осомничените беа продолжени,[77] а истрагата беше проширена за да вклучи дополнителни лица осомничени за сериозни кривични дела против јавната безбедност.[78] Во врска со случајот беа уапсени неколку полициски службеници.[79] ОЈО во Кочани објави јавен повик за сведоштва и докази од граѓани.[80] Истрагата беше завршена на крајот на месец мај.[81] До средината на јуни, беа поднесени обвиненија против 34 физички и три правни лица, додека постапките против 11 лица беа прекинати поради недостаток на докази.[82]

Во случајот „Адитив“ - во врска со наводна злоупотреба на јавни набавки и перење пари поврзани со набавката на адитиви за јаглен за АД ЕСМ - РЕК Битола и РЕК Осломеј - беа идентификувани уште тројца осомничени, вклучувајќи ја и актуелната претседателка на ДКСК.[83] Кривичниот суд во Скопје го потврди обвинението и започна судската постапка.[84] Во текот на тримесечјето беа одржани две рочишта: обвинителството побара осудителни пресуди и конфискација на имот,[85] додека обвинетите се изјаснија за невини и ги изнесоа првичните аргументи на одбраната.[86]

74 Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата реагира на препораките на ДКСК дадени во Извештајот од спроведена антикорупциска проверка на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер), Официјална веб страница на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, 17 април 2025, https://bit.ly/453QORD.

75 Извештај за антикорупциска проверка на одредби кои се однесуваат на издавањето на лиценци, одобренија, дозволи за работа на угостителски објекти и слично, како и за вршење надзор во Законот за угостителската дејност, Законот за заштита и спасување, Законот за инспекциски надзор, Законот за локалната самоуправа, Законот за заштита од експлозивни материи, Закон за прометот на експлозивни материи и Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Официјална веб страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 17 април 2025, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/04/11-1117-2.pdf.

76 Зошто пожарот во клубот во Кочани беше толку смртоносен?, Дојче Веле, 18 март 2025, https://www.dw.com/mk/zosto-pozarot-vo-improviziraniot-noken-klub-vo-kocani-bese-tolku-smrtonosen/a-71940018.

77 Продолжен притворот за сите осомничени за пожарот во Кочани, тројца одат во куќен притвор, Канал 5, 11 април 2025, https://kanal5.com.mk/prodolzhen-pritvorot-za-site-osomnicheni-za-pozharot-vo-kochani-trojca-odat-vo-kukjen-pritvor/a694010.

78 Проширена истрагата за пожарот во кочанската дискотека, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 12 април 2025, https://jorm.gov.mk/proshirena-istragata-za-pozharot-vo-kochanskata-diskoteka/.

79 Се апсат актуелни началници и полицајци кои биле на смена за време на трагедијата во Кочани, Sdk.mk, 12 јуни 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vecherva-se-apsat-aktuelni-nachalnitsi-i-politsajtsi-koi-bile-na-smena-za-vreme-na-tragedijata-vo-kochani/.

80 Отворен повик за истрагата за пожарот во Кочани, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 16 мај 2025, https://jorm.gov.mk/otvoren-povik-za-istragata-za-pozharot-vo-kochani/.

81 Истрагата за пожарот во „Пулс“ заврши, обезбедени огромен број докази, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 мај 2025, https://jorm.gov.mk/istragata-za-pozharot-vo-puls-zavrshi-obezbedeni-ogromen-broj-dokazi/.

82 Запрена истрагата за ексминистрите Дритон Кучи и Беким Незири, меѓу 34-те обвинети за пожарот во диското „Пулс“ остануваат Крешник Бектеши и Ваљон Сарачини, Sdk.Mk, 13 јуни 2025, https://bit.ly/4m75B51.

83 Осомничени уште три лица во предметот „Адитив“, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 24 април 2025, https://jorm.gov.mk/osomnicheni-ushte-tri-licza-vo-predmetot-aditiv/.

84 Кривичен го одобри обвинението за „Адитив“, се чека датум за почеток на судењето, 360 Степени, 7 мај 2025, https://360stepeni.mk/krivichen-go-odobri-obvinenieto-za-aditiv-se-cheka-datum-za-pochetok-na-sudeneto/.

85 Обвинителството бара осудителна пресуда и конфискација на имотот на обвинетите во случајот „Адитив“, A1 On, 29 мај 2025, https://a1on.mk/macedonia/obvinitelstvoto-bara-osuditelna-presuda-i-konfiskacija-na-imotot-na-obvinetite-vo-sluchajot-aditiv/.

86 Рочиште за „Адитив“: Одбраната даваше воведни зборови, 24 ТВ, 26 јуни 2025, https://24.mk/details/rochishte-za-aditiv-odbranata-davashe-vovedni-zborovi.

Беа отворени и дополнителни истраги за случаи меѓу кои за: службеник во болница осомничен за проневера;[87] 49 здравствени работници осомничени за поткуп, злоупотреба на службена должност и незаконско влијание;[88] и седум полициски службеници под истрага за слични кривични дела.[89]

Кривични пријави биле поднесени и за злоупотреба на службена положба и овластувања против актуелниот градоначалник на Кичево,[90] поранешниот градоначалник на Лозово[91] и десет лица осомничени за нанесување значителна финансиска штета на државната енергетска компанија АД ЕСМ–РЕК Битола.[92]

## Правна рамка

Во текот на предметниот период, Министерството за правда започна процес на изготвување измени и дополнувања на Кривичниот законик. Целта е да се адресираат и елиминираат потенцијалните штетни ефекти што произлегуваат од контроверзните измени од 2023 година, особено оние поврзани со злоупотреба на службена положба и овластувања, несовесно вршење на должноста и злосторничко здружување.[93]

87 Истрага за проневера во прилепската болница, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 29 мај 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-za-pronevera-vo-prilepskata-bolnicza/.

88 Под истрага 49 лица за злоупотреби во постапки за стекнување со право за туѓа нега и право на инвалидски пензии, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 24 април 2025, https://jorm.gov.mk/pod-istraga-49-licza-za-zloupotrebi-vo-postapki-za-steknuvane-so-pravo-za-tuga-nega-i-pravo-na-invalidski-penzii/.

89 Истрага против 11 лица од кои седум полициски службеници, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 22 мај 2025, https://jorm.gov.mk/istraga-protiv-11-licza-od-koi-sedum-policziski-sluzhbeniczi/.

90 Кривична за Дехари, како градоначалник на Кичево за адвокатски услуги го оштетил општинскиот буџет за околу 64.000 евра, Нова Македонија, 26 мај 2025, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/krivichna-za-dehari-kako-gradonachalnik-na-kichevo-za-advokatski-uslugi-go-oshtetil-opshtinskiot-budjet-za-okolu-64-000-evra/.

91 Кривична за екс-градоначалник на Лозово, со пари на општината финансирал пешачка патека која не била изградена, Телма ТВ, 18 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/18/krivichna-za-eks-gradonachalnik-na-lozovo-so-pari-na-opshtinata-finansiral-peshachka-pateka-koja-ne-bila-izgradena/.

92 Обвинение против вкупно 10 лица за злоупотреби во РЕК Битола, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 6 мај 2025, https://jorm.gov.mk/obvinenie-protiv-vkupno-10-licza-za-zloupotrebi-vo-rek-bitola/.

93 Известување за почеток на процесот за подготовка на закон, Официјална веб страница на Министерството за правда, 16 април 2025, https://pravda.gov.mk/vest/6845.

# Темелни права

Од 22 до 25 април, комесарот за човекови права на Советот на Европа ја посети Северна Македонија, при што се сретна со клучните чинители и ја повика земјата да ја зајакне својата посветеност на човековите права.

## Судската пракса на Европскиот суд за човекови права

Во текот на периодот што е предмет на овој извештај, Северна Македонија го започна процесот на избор на нов национален судија во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), бидејќи мандатот на сегашниот судија истекува во јануари 2026 година. Комисијата за избор на кандидати го одржа својот прв состанок на 10 април, на кој учествуваа претставници од судството и стручната јавност.[94] Јавен повик за пријавување беше објавен на 14 април,[95] по кој беа поднесени 21 пријава, од кои 12 кандидати беа повикани на интервју.[96] Потоа, вториот состанок на Комисијата се одржа на 5 мај, во текот на кој прелиминарно се разгледаа пријавите во однос формални критериуми и услови.[97] По интервјуата спроведени на третиот состанок одржан на 7 мај,[98] Комисијата на 9 мај го објави конечниот список со тројцата кандидати кои влегоа во потесниот избор:[99] поранешна јавна обвинителка на Специјалното јавно обвинителство, судијка од Апелациониот суд во Скопје и адвокат. Во текот на целиот процес, беше изразена загриженост во врска со капацитетот на Канцеларијата на владиниот агент во Стразбур да обезбеди ефективно застапување на државата.[100]

ЕСЧП донесе пресуда на 24 јуни во случајот М.Л. против Северна Македонија, во која утврдува повреда на членот 8 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), кој го гарантира правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Предметот се однесуваше на забрана со која на подносителот му било забрането да ѝ се приближува на својата ќерка или да ги посетува нејзиниот дом и училиште, како и пропуст на домашните судови периодично да ја преиспитаат неопходноста од мерката како што бара домашното право. ЕСЧП утврди дека домашните судови го наметнале ова ограничување, но не дале соодветно образложение за да ја оправдаат сериозноста и пропорционалноста на ограничувањето, со што бил оневозможен жалителот делотворно да ја разбере или оспори мерката.[101]

94 Одржан првиот состанок на Комисијата за избор на кандидати за судија во ЕСЧП, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, 10 април 2025, https://mfa.gov.mk/en/page/13/post/3998/odrzhan-prviot-sostanok-na-komisijata-za-izbor-na-kandidati-za-sudija-vo-eschp.

95 Јавен оглас за избор на кандидати за судија на Република Северна Македонија во Европскиот суд за човекови права, Министерство за правда на Република Северна Македонија, 14 април 2025, https://www.pravda.gov.mk/vest/6841.

96 Тројца кандидати го минаа филтерот за Европскиот суд за човекови права, Телма ТВ, 9 мај 2025, https://telma.com.mk/2025/05/09/trojcza-kandidati-go-minaa-filterot-za-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava/.

97 Втор состанок на Комисијата за избор на кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, 5 мај 2025, https://mfa.gov.mk/en/page/13/post/4016/vtor-sostanok-na-komisijata-za-izbor-na-kandidati-za-sudija-vo-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava.

98 Трет состанок на Комисијата за избор на кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, 7 мај 2025, https://mfa.gov.mk/en/page/13/post/4019/tret-sostanok-na-komisijata-za-izbor-na-kandidati-za-sudija-vo-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava.

99 Составена листата од тројца кандидати за судии во ЕСЧП од Македонија: Апостолски, Ристовска и Гајдова, Mkd.Mk, 9 мај 2025, https://mkd.mk/makedonija/sostavena-listata-od-trojca-kandidati-za-sudii-vo-eschp-od-makedonija-apostolski-ristovska-i-gajdova/.

100 „Тенка" одбрана на државата пред судот во Стразбур, Радио Слободна Европа, 4 април 2025, https://www.slobodnaevropa.mk/a/sud-strazbur-sudija-izbor-/33366510.html.

101 М.Л. против Северна Македонија (M.L v. North Macedonia) (Европски суд за човекови права, 24 јуни 2025). https://hudoc.echr.coe.int/#{%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001-243782%22]}.

## Народниот правобранител

Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2024 година беше објавен на 15 април. Најголемиот број на утврдени повреди (173 случаи, или 23,28%) се однесуваа на граѓанскиот статус и други внатрешни прашања, при што властите постапиле по препораките на Народниот правобранител во 94,80% од случаите. Потоа следеше правосудниот сектор, со 96 повреди (12,92%) и стапка на придржување на прописите од 67,71%, и правата на потрошувачите, каде што имало 76 повреди (10,23%), со спроведени 88,16% од препораките. Клучно прашање истакнато во текот на извештајниот период беше големиот обем на жалби поврзани со издавање лични документи и патни исправи, вклучувајќи проблеми со закажувањето, доцнење со обработката и доцнење во испораката. Во извештајот, исто така, се повтори загриженоста во однос на структурни прашања поврзани со ограничената финансиска, организациска и функционална независност на Народниот правобранител. Во него се забележува недостаток на средства за спроведување на проекти и недоволни човечки ресурси. Исто така, беше нагласено постојаното одложување на усвојувањето на измените на Законот за народниот правобранител, бидејќи тоа ја спречува институцијата да аплицира за акредитација за А-статус од Обединетите нации (ОН).[102]

## Затворски и притворски установи

Во периодот од април до јуни 2025 година, низа критични настани и контроверзни случувања да ги нагласуваат хроничните проблеми во казнено-поправниот систем на Северна Македонија.

Пренатрупаноста и понатаму е предмет на сериозна загриженост, при што осудените лица се принудени да спијат во смени и по ходници.[103] И покрај тоа што законската рамка дозволува алтернативни санкции како што се домашен притвор и електронско следење, овие мерки ретко се применувале. Имено, во приемното одделение во затворот Идризово имало 48 осудени лица во простор предвиден за 10, додека другите објекти се недоволно искористени.[104] Обезбедувањето здравствена заштита во затворските установи било сериозно несоодветно. Во Идризово, наводно, еден лекар бил одговорен за над 1.300 затвореници, што е причина за сериозна загриженост во врска со пристапот до здравствена заштита.[105] Во поправниот дом за малолетници во Тетово, седум корисници не добивале образование прилагодено на нивните развојни потреби, што претставува кршење на нивното право на образование.[106]

Извештајот на Народниот правобранител ги истакнува тековните проблеми со пристапот до службите за водење матична евиденција. Во еден случај, осудено лице во Идризово ја одлежало казната без документ за формална идентификација, бидејќи документи како што се извод од матичната книга на родените и број на лична карта му биле издадени дури по речиси четири години, откако интервенирал Народниот правобранител.[107]

---

102 Зибери: Народниот правобранител се соочува со сериозни проблеми иако има фундаментална улога во заштитата на човековите права и слободи, Цивил Медиа, 23 април 2025, https://civilmedia.mk/ziberi-narodniot-pravobranitel-se-soochuva-so-seriozni-problemi-iako-ima-fundamentalna-uloga-vo-zashtitata-na-chovekovite-prava-i-slobodi/.

103 Исто.

104 Во приемното одделение во Идризово петмина затвореници на место за еден, Телма ТВ, 10 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/10/vo-priemnoto-oddelenie-vo-idrizovo-petmina-zatvoreniczi-na-mesto-za-eden/.

105 Само еден лекар на 1.316 осудени лица во најголемиот затвор во државава, затворот во Идризово, MKD, 12 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/samo-eden-lekar-na-1-316-osudeni-lica-vo-najgolemiot-zatvor-vo-drzhavava-zatvorot-vo-idrizovo/.

106 Државата на 7 штитеници во ВП дом „Тетово“ им го прекинала образованието, на уште толку не им дала да продолжат со средното, Сакам да кажам, 12 мај 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/drzhavata-na-7-shtitenitsi-vo-vp-dom-tetovo-im-go-prekinala-obrazovanieto-na-ushte-tolku-ne-im-dala-da-prodolzhat-so-srednoto/.

107 Без матичен број и извод од родени, издржувал казна во Идризово со отисок од прст – Извештај на Омбудсманот за 2024 година, Телма ТВ, 15 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/15/golem-broj-pretstavki-do-narodniot-pravobranitel/.

И понатаму постои загриженост во однос на безбедноста. На почетокот на април, во затворот во Штип, затворски службеник наводно му помагал на осуденик во организирање криминални активности поврзани со шверц. Инцидентот укажа на слабостите во безбедносните протоколи.[108] Како одговор на тоа, биле иницирани активности за зајакнување на институционалниот капацитет. На 21 мај, Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје ја најави изработката на нови Стандардни оперативни процедури за затворскиот персонал, со цел подобрување на професионализмот и стандардизирање на практиките во целиот казнено-поправен систем.[109]

## Заштита на личните податоци

Во април, Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) го презентираше својот годишен извештај за 2024 година, забележувајќи напредок во усогласувањето на националните практики со стандардите на ЕУ. Сепак, Агенцијата ги истакна постојаните структурни слабости,[110] вклучувајќи го ограничениот персонал (17 вработени, од кои само тројца се на раководни позиции) и зависноста од Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација за одобрување на буџетот и вработувањата. Овие ограничувања ја компромитираат оперативната и финансиската независност на АЗЛП, што е спротивно на барањата на Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR).[111] На 10 април, Основното јавно обвинителство во Скопје покрена кривична постапка против 43 лица, вклучително и вработен во Фондот за здравствено осигурување, за фалсификување документи и електронски потписи заради лажно добивање брзи кредити на име на граѓани без нивно знаење, првенствено пензионери. Случајот откри системска ранливост во заштитата на податоците.[112] Министерот за внатрешни работи јавно ја нагласи потребата од посилни заштитни мерки и итно гонење на инволвираните лица.[113]

Како поддршка на придржувањето на прописите од страна на јавниот сектор, АЗЛП во април одржа обуки за вработените во Државниот испитен центар[114] и потпиша договор за соработка со Службата за општи и заеднички работи заради обезбедување на прилагодена обука за стандардите за заштита на податоците.[115]

Во јуни се интензивираше јавната дебата за безбедноста на податоците. Извештај откри дека само половина од матичните книги се дигитализирани, и покрај трошоците од 8,5 милиони евра, што

108 Скандал во штипскиот затвор: Полицајци му помагале на осуденик да си ја најде дрогата, лажел дека барале часовник кој му го зело затворското куче Цеца, Слободен печат, 9 април 2025, https://www.slobodenpecat.mk/skandal-vo-shtipskiot-zatvor-policajci-mu-pomagale-na-osudenik-da-si-ja-najde-drogata-lazhel-deka-barale-chasovnik-koj-mu-go-zelo-zatvorskoto-kuche-ceca/.

109 Нови стандардни оперативни процедури се воведени во Северна Македонија за јакнење на заштитата на човековите права и подобрување на ефикасноста, Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје, Северна Македонија, 21 мај 2025, https://www.coe.int/en/web/skopje/-/new-standard-operating-procedures-in-north-macedonia-to-ensure-enhanced-human-rights-safeguards-and-operational-effectiveness.

110 Годишен извештај за работата на АЗЛП за 2024 година) (2025), http://bit.ly/44VvZrB.

111 Агенцијата за заштита на лични податоци работи со тројца супервизори, Mkd.Mk, 16 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/agencijata-za-zashtita-na-lichni-podatoci-raboti-so-trojca-supervizori/.

112 Истрага против 43 лица меѓу кои и вработен во Фондот за здравство, фалсификувале потписи и лични карти и со нив земале брзи кредити на туѓо име, Сакам да кажам, 10 април 2025, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/istraga-protiv-43-litsa-megu-koi-i-vraboten-vo-fondot-za-zdravstvo-falsifikuvale-potpisi-i-lichni-karti-i-so-niv-zemale-brzi-krediti-na-tugo-ime/.

113 Тошковски: Организаторите на измамата со брзи кредити ќе бидат итно изведени пред суд, Телма ТВ, 11 април 2025, https://telma.com.mk/2025/04/11/toshkovski-organizatorite-na-izmamata-so-brzi-krediti-ke-bidat-itno-izvedeni-pred-sud/.

114 Обуки за заштита на личните податоци, Официјална веб страница на Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, 24 април 2025, http://bit.ly/4lYjCBY.

115 Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за заштита на личните податоци и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Официјална веб страница на Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, 30 април 2025, http://bit.ly/45e6RxB.

предизвика загриженост во врска со ефикасноста и безбедноста на податоците.[116] Исто така, медиумите известуваа за наводи дека приватен гинеколог злоупотребил податоци од пациенти за надоместоци за услуги што не биле дадени.[117]

## Слобода на изразување

На 2 мај, „Репортери без граници“ ја рангираше Северна Македонија на 42. место во својот Индекс на слобода на медиумите во светот за 2024 г., што претставува пад од шест места во однос на претходната година. Извештајот го истакна растечкиот притисок врз критичкото новинарство, како и влијанието на политичките интереси преку рекламирањето и јавното финансирање.[118] Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) повика на итни институционални реформи за заштита на независноста на медиумите.[119]

Во второто тромесечје од 2025 година беа забележани значајни случувања во однос на регулирањето на медиумите, законските реформи и заштитата на новинарите. На 22 април, Собранието усвои измени на Законот за медиуми, со кои се проширува законската дефиниција за „медиуми“ за да ги вклучи и онлајн порталите, кои сега подлежат на регистрација кај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ). Измените имаат за цел да ја подобрат транспарентноста и да ги олабават условите во однос на бројот на вработени за да можат да се регистрираат.[120] Иако беа поздравени од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ),[121] граѓанските организации забележаа недостатоци, вклучително и недоволна усогласеност со прописите на ЕУ за медиумите, отсуство на мерки за заштита од политичко влијание и ограничена заштита од стратешки тужби против учество на јавноста (SLAPP).[122] На 24 јуни, Собранието го заврши именувањето на нови членови во Советот на ААВМУ. ЗНМ, исто така, потпиша договор за соработка со Службен весник за да се подобри пристапот за новинарите и транспарентноста.[123]

Постојаната социоекономска несигурност за медиумските работници и понатаму загрижува, со над 2.100 вработени кои извршуваат повеќе од 3.000 работни позиции во секторот.[124] Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ потпишаа меморандум за соработка за да им обезбедат на членовите на ЗНМ бесплатен и мобилен пристап до сите релевантни закони, законски акти и консолидирани текстови, со што ќе се подобри

116 Потрошени 8,5 милиони евра, а само пола од матичните податоци се внесени електронски, изводи се печателе и ноќе во 22 часот, утврди корупција ДЗР, Сакам да кажам, 10 јуни 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/potrosheni-8-5-milioni-evra-a-samo-pola-od-matichnite-podatotsi-se-vneseni-elektronski-izvodi-se-pechatele-i-noke-vo-22-chasot-utvrdi-koruptsija-dzr/.

117 Скандал со матичните гинеколози – лажеле дека жени направиле ПАП-тест за да земат пари од ФЗОМ!, Слободен печат, 14 јуни 2025, https://www.slobodenpecat.mk/video-skandal-so-matichnite-ginekolozi-lazhele-deka-zheni-napravile-pap-test-za-da-zemat-pari-od-fzom/.

118 North Macedonia country fact file (Досие со факти за Северна Македонија), Reporters without Borders, 2 мај 2025, https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

119 ЗНМ: Извештајот на „Репортери без граници“ е реален показател за потребата од реформи во медиумскиот сектор, Здружение на новинари на Македонија, 2 мај 2025, http://bit.ly/3TS7qH1.

120 Собранието ги донесе измените на Законот за медиуми со поблаги услови за регистрација на интернет-порталите, 360 Степени, 22 април 2025, https://360stepeni.mk/sobranieto-gi-donese-izmenite-na-zakonot-za-mediumi-so-poblagi-uslovi-za-registratsija-na-internet-portalite/.

121 ССНМ: Ги поздравуваме измените во Законот за медиуми, но тоа треба да е само дел од процесот за целосно усогласување со регулативата на ЕУ, Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници, 25 април 2025, https://ssnm.org.mk/soopstenija/ssnm-gi-pozdravuvame-izmenite-vo-zakonot-za-mediumi-no-toa-treba-da-e-samo-del-od-procesot-za-celosno-usoglasuvanje-so-regulativata-na-eu.

122 Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Оценка на измените на Законот за медиуми во Северна Македонија — делумен чекор кон европските стандарди (2025), https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2025/04/ocenka-na-izmenite-na-zakonot-za-mediumi-vo-severna-makedonija-%E2%80%94-delumen-chekor-kon-evropskite-standardi-2.pdf.

123 Избрани новите членови на Советот на АВМУ, Meta.Mk, 24 април 2025, https://meta.mk/izbrani-novite-chlenovi-na-sovetot-na-avmu/'.

124 Во медиумската професија 2.100 луѓе извршуваат над 3.000 работни позиции, Радио МОФ, 27 мај 2025, https://www.radiomof.mk/vo-mediumskata-profesija-2-100-lugje-izvrshuvaat-nad-3-000-rabotni-pozicii/.

новинарскиот интегритет и правната транспарентност.[125] Како одговор на тоа, професионалните здруженија, вклучувајќи ги ЗНМ, ССНМ, Меѓународната федерација на новинари (МФЈ) и Институт за истражување на општествениот развој (РЕСИС), издадоа заедничка декларација со која повикуваат на зајакнати работнички права, безбедни работни услови и воспоставување Јавен фонд за медиумски плурализам.

Во мај, во извештајот беа препорачани мерки за заштита на демократските институции од дезинформации.[126] Подоцна во месец јуни, професионални организации усвоија Декларација за одбрана на професионалното новинарство, повикувајќи на прекин на нападите и дискредитирачките кампањи против новинарите.[127] Дополнително, Фондацијата Метаморфозис и Интернешнал ИДЕА ја промовираа иницијативата за манипулации со информации и странско мешање, при што беше презентиран извештајот „Овозможувачи и стимулирачи на изборни дезинформации и странско мешање (ФИМИ) во Северна Македонија“.[128]

Во април Владата го поништи тендерот за софтвер за следење на медиумите поради несоодветни понуди,[129] но во јуни потпиша[130] нов договор во вредност од 430.000 евра со словенечка компанија. Беше изразена загриженост поради потенцијалното влијание врз слободата на медиумите.[131] Во мај, неколку онлајн медиуми се повлекоа од националните агрегатори во знак на протест поради загриженоста за авторските права, барајќи потранспарентни договори за користење на нивната содржина.[132]

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Помеѓу април и јуни, Северна Македонија направи неколку институционални чекори во областа на недискриминацијата, иако структурните предизвици остануваат.

На 1 април заврши процесот на избор на нов член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).[133] Назначувањето на кандидат со партиски врски на 8 април[134] предизвика критики од организациите на граѓанското општество, кои изразија загриженост во врска со независноста, професионализмот и придржувањето на законските критериуми.[135]

125 Олеснет пристап за новинарите до услугите на ЈП Службен весник, 24 Инфо, 16 април 2025, https://24info.mk/olesnet-pristap-za-novinarite-do-uslugite-na-jp-sluzhben-vesnik/.

126 Изработен документ со насоки за заштита на демократијата од информациски закани, Meta.Mk, 21 мај 2025, https://meta.mk/izraboten-dokument-so-nasoki-za-zashtita-na-demokratijata-od-informaciski-zakani/.

127 Усвоена Декларација за одбрана на професионалното новинарство на Годишно собрание на ЗНМ, Макфакс, 26 јуни 2025, http://bit.ly/4eYogOh.

128 Преку колективно дејствување може да се изгради отпорен и доверлив информациски екосистем, Meta.Mk, 25 јуни 2025, https://meta.mk/preku-kolektivno-dejstvuvanje-mozhe-da-se-izgradi-otporen-i-doverliv-informaciski-ekosistem/.

129 Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка, Електронски систем за јавни набавки, 22 април 2025, https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-cancelation/aa36fa93-61d5-455d-83d5-b2c7005f0d34.

130 Власта им стана „најверна сенка“ на медиумите за 430 илјади евра годишно и уверува дека нема да ги оценува како „позитивни“ „негативни“ и „неутрални“!, Слободен печат, 3 јули 2025, https://www.slobodenpecat.mk/vlasta-im-stana-najverna-senka-na-mediumite-za-430-iljadi-evra-godishno-i-uveruva-deka-nema-da-gi-ocenuva-kako-pozitivni-negativni-i-neut/.

131 Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Известување за склучен договор за јавна набавка, Електронски систем за јавни набавки, 24 јуни 2025, https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/5446ef09-de5a-44d3-93e5-79d2b4a12290.

132 Порталот Рацин.мк излегува од агрегаторите на вести во име на заштитата на авторските права и трудот на медиумските работници, Racin.mk, 21 мај 2025, https://racin.mk/kolumni/portalot-raczin-mk-izleguva-od-agregatorite-na-vesti-vo-ime-na-zashtitata-na-avtorskite-prava-i-trudot-na-mediumskite-rabotniczi/.

133 Осум кандидати за член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги претставија нивните кандидатури, Сител Телевизија, 1 април 2025, https://Sitel.com.mk/osum-kandidati-za-chlen-na-komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-gi-pretstavija.

134 Никола Затуроски избран за член на Регулаторната комисија за домување, Вецко Здравески за член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, МИА – Медиумска информативна агенција, 8 април 2025, http://bit.ly/3Goqmdj.

135 Собранието ја урива суштината на КСЗД преку именување членови под партиски клуч кои не ги исполнуваат законските услови, Мрежа за заштита од дискриминација, 4 април 2025, https://mzd.mk/en/vesti/kszd_sobranie/.

На 16 април, КСЗД го презентираше својот годишен извештај за 2024 г.,[136] во кој се евидентирани 485 претставки (407 нови), при што 37% од одлуките потврдуваат дискриминација - првенствено поврзани со етничкото потекло, пол, возраст и попреченост. Поголемиот дел од предметите се во областа на работните односи.[137] Дополнително, КСЗД истакна дека жените поднеле повеќе претставки за дискриминација од мажите во 2024 година.[138] Втор извештај, објавен на 23 јуни, се осврна на меѓусекторската дискриминација со која се соочуваат жените и девојчињата Ромки во пристапот до правдата.[139]

Системските бариери и предрасуди продолжуваат да влијаат врз лицата со попреченост. КСЗД изрече неколку одлуки со кои се утврдува дискриминација врз основа на попреченост. Тука спаѓаат случаи на одбивање на превоз,[140,141] непостапување на училиштата по инциденти со малтретирање,[142] немање пристап до стипендии[143] и дискриминаторски третман од страна на нотар.[144] Биле забележани системски бариери, недостаток на разумно прилагодување и понижувачко однесување.

Напорите за подобрување на дигиталната пристапност покажуваат напредок. На 10 април се одржа јавна дебата за презентирање на алатката AccessiScan и инклузивните дигитални решенија.[145] На 9 јуни, Министерството за социјална политика лансираше достапна веб-страница[146] и најави дистрибуција на 24 ортопедски помагала.[147] Исто така, беше објавен јавен повик за ангажирање на 328 образовни асистенти за поддршка на деца со попреченост во основните училишта.[148]

И покрај одреден напредок, системската дискриминација и бариерите во ставовите, особено оние што ги засегаат лицата со попреченост, продолжуваат да ја попречуваат целосната заштита на правата и инклузијата.

136 Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 2025), http://bit.ly/46lR0hE.

137 Годишен извештај за 2024 година, Официјална веб страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 16 април 2025, http://bit.ly/4lEgn2M.

138 КСЗД: Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основите пол, род или образование, A1 On, 16 април 2025, https://a1on.mk/macedonia/kszd-zhenite-pochesto-od-mazhite-prijavile-diskriminacija-vrz-osnovite-pol-rod-ili-obrazovanie/.

139 Презентиран Извештајот за интерсекциска и повеќекратна дискриминација кон жените и девојчињата Ромки во пристапот до правда, Официјална веб страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 23 јуни 2025, http://bit.ly/4o0GlPw.

140 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Претставка бр. 08-56 од 10.04.2025, 10 април 2025, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2025/06/08-56-%D0%BE%D0%B4-10.04.2025-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0.pdf.

141 „Мајка ти треба сама да дојде, ти нема што да бараш овде" – ЈСП одбиле полномоштво за неподвижна пензионерка, 4News, 17 април 2025, https://4news.mk/majka-ti-treba-sama-da-dojde-ti-nema-shto-da-barash-ovde-jsp-odbile-polnomoshtvo-za-nepodvizhna-penzionerka/.

142 Шестоодделенец малтретирал ученик со атипичен развој, му велел „Глупав", му удрил и шлаканица, а директорот советувал „Наместо да плаче, да се спрема за предизвиците во животот", Слободен печат, 7 мај 2025, https://www.slobodenpecat.mk/shestooddelenec-maltretiral-uchenik-so-atipichen-razvoj-mu-velel-glupav-mu-udril-i-shlakanica-a-direktorot-sovetuval-namesto-da-plache-da-se-sprema-za-predizvicite-vo-zhi/.

143 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Претставка бр. 08-47 (708) од 06.05.2025, 6 мај 2025, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2025/06/08-47-708-06.05.2025.-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0.pdf.

144 Нотарка му викала на слепо лице „Неписмен, ниту гледаш, ниту слушаш", Комисијата утврди тежок случај на дискриминација оти на лицата со попреченост им се наплаќаат тројно поскапи нотарски услуги, Сакам да кажам, 22 април 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/notarka-mu-vikala-na-slepo-litse-nepismen-nitu-gledash-nitu-slushash-komisijata-utvrdi-tezhok-sluchaj-na-diskriminatsija-oti-na-litsata-so-poprechenost-im-se-naplakaat-trojno-poskapi-notarski-uslugi/.

145 Дигитална инклузија: Требаат решенија во дигиталниот свет за поголема независност и вклученост на лицата со попреченост, Радио МОФ, 10 април 2025, https://www.radiomof.mk/digitalna-inkluzija-trebaat-reshenija-vo-digitalniot-svet-za-pogolema-nezavisnost-i-vkluchenost-na-licata-so-poprechenost/.

146 Министерството за социјална политика со веб-страница достапна за лицата со попреченост, Макфакс, 9 јуни 2025, http://bit.ly/3TQjKHS.

147 Доделени 24 ортопедски помагала на лица со телесен инвалидитет, Официјална веб страница на Министерство за социјална политика, демографија и млади, 7 мај 2025, https://www.mtsp.gov.mk/maj-2025-ns_article-dodeleni-24-ortopedski-pomagala-na-lica-so-telesen-invaliditet.nspx.

148 Јавен оглас за вработување на 328 образовни асистенти, Основно училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец" - Скопје, 20 јуни 2025, http://www.zlatansremec.edu.mk/vest-statija/85511/javen-oglas-za-vrabotuvanje-na-328-obrazovni-asistenti/.

## Род

Во текот на извештајниот период, Северна Македонија продолжи да се соочува со сериозни инциденти на фемицид и родово засновано насилство. Убиството на 36-годишна Ромка од Шуто Оризари на 3 мај предизвика силна осуда од јавноста и граѓанското општество. Жртвата беше убиена во својот дом во присуство на своето дете,[149] а осомничениот беше приведен додека се обидувал да избега од земјата.[150] Граѓанските организации[151] и застапниците за правата на Ромите од Северна Македонија,[152] како и меѓународните ромски организации[153] реагираа, при тоа критикувајќи го непостапувањето на институциите и покрај познатите ризици и повикаа на итни системски реформи за заштита на жените, особено оние од маргинализираните заедници.[154]

Пријавени се неколку дополнителни случаи на родово засновано и семејно насилство, вклучувајќи сериозни физички напади, силување[155] и обид за фемицид. Овие инциденти вклучуваат силување на петгодишно девојче,[156] континуирано малтретирање на жени од страна на интимни партнери[157,158,159] и случаи во кои се вклучени и машки и женски сторители.[160,161,162]

Овие инциденти ги демонстрираа обемот и сериозноста на родово заснованото насилство во земјата. Во исто време, граѓанското општество и медиумите постојано ја нагласуваа итната потреба од поефикасно институционално дејствување и правни заштитни мерки.

149 Лицето кое беше фатено на „Табановце“ вчера сопругата ја усмртил пред нивната петгодишна ќерка', Телма ТВ, 4 мај 2025, https://telma.com.mk/2025/05/04/liczeto-koe-beshe-fateno-na-tabanovcze-vchera-soprugata-ja-usmrtil-pred-nivnata-petgodishna-kerka/.

150 Уапсено лице на граница под сомнение дека си ја усмртил сопругата, Телма ТВ, 3 мај 2025, https://telma.com.mk/2025/05/03/uapseno-licze-na-granicza-pod-somnenie-deka-si-ja-usmrtil-soprugata/.

151 Реакција: Платформата за родова еднаквост силно ја поддржува Иницијативата на жени од Шуто Оризари и нивната реакција на последниот случај на фемицид, Платформа за родова еднаквост, 6 мај 2025, http://bit.ly/452TzTz.

152 Реакција на Институтот за истражување и политики Ромалитико за фемицидот во Шуто Оризари, Институт за истражување и анализа на политики „Ромалитико“, 5 мај 2025, https://romalitico.org/05/05/2025/vesti/reakczija-na-institutot-za-istrazhuvane-i-politiki-romalitiko-za-femiczidot-vo-shuto-orizari/.

153 Bernard Rorke, 'Femicide in North Macedonia: Romani Women's Network condemns state's failure to protect' (Фемицид во Северна Македонија: Мрежата на жени Ромки го осудува неуспехот на државата да ги заштити), European Roma Rights Centre, 8 мај 2025, https://www.errc.org/news/femicide-in-north-macedonia-romani-womens-network-condemns-states-failure-to-protect.

154 Писмо за загриженост и барање за информации во врска со фемицидот на Рамајана Асан, 36-годишна Ромка од Шуто Оризари, Институт за истражување и анализа на политики „Ромалитико“, 7 мај 2025, https://romalitico.org/07/05/2025/vesti/pismo-za-zagrizhenost-i-barane-za-informaczii-vo-vrska-so-femiczidot-na-ramajana-asan-36-godishna-romka-od-shuto-orizari/.

155 Обвинение за скопјанец – ја удирал жртвата со тупаници, ѝ го скршил носот и ја силувал, Слободен печат, 16 мај 2025, https://www.slobodenpecat.mk/obvinenie-za-skopjanec-ja-udiral-so-boksovi-tupanici-i-go-skrshil-nosot-i-ja-siluval-zhrtvata/.

156 Притвор за 15-годишник кој силувал 5-годишно девојче определи судот во Гостивар, Сакам да кажам, 5 април 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/pritvor-za-15-godishnik-koj-siluval-5-godishno-devojche-opredeli-sudot-vo-gostivar/.

157 Жена била тепана од невенчаниот сопруг, ја принудил да бара пари од родителите и земал неколку брзи кредити на нејзино име, Skopje Info, 23 април 2025, https://skopjeinfo.mk/zhena-bila-tepana-od-nevenchaniot-soprug-ja-prinudil-da-bara-pari-od-roditelite-i-zemal-nekolku-brzi.

158 Мажот што ја удави до смрт вонбрачната партнерка доби обвинение за убиство, MKD.mk, 29 мај 2025, https://mkd.mk/makedonija/mazhot-shto-ja-udavi-do-smrt-vonbrachnata-partnerka-dobi-obvinenie-za-ubistvo/.

159 Гостиварка го претепала сопругот и ја искршила покуќнината, А1 Оn, 18 јуни 2025, https://a1on.mk/macedonia/gostivarka-go-pretepala-soprugot-i-ja-iskrshila-pokukjninata/.

160 56-годишен маж од Ѓорче Петров бил истепан од поранешната сопруга, А1 Оn, 23 мај 2025, https://a1on.mk/macedonia/56-godishen-mazh-od-gjorche-petrov-bil-istepan-od-poraneshnata-sopruga/.

161 Маж од Марино ја тепал и ја давел партнерката, а потоа ја нападнал и нејзината мајка, А1 Оn, 31 мај 2025, https://a1on.mk/macedonia/mazh-od-marino-ja-tepal-i-ja-davel-partnerkata-a-potoa-ja-napadnal-i-nejzinata-majka/.

162 Ја давел и ја тепал сопругата со чадор, семејно насилство во скопски Бутел, А1 Оn, 27 јуни 2025, https://a1on.mk/macedonia/ja-davel-i-ja-tepal-soprugata-so-chador-semejno-nasilstvo-vo-skopski-butel/.

## ЛГБТИ+

Граѓанските организации ја повикаа претседателката да не ги потпишува неодамна усвоените измени на законите за основно и средно образование, наведувајќи загриженост дека одредбите ги поткопуваат уставните и меѓународните стандарди за еднаквост за ЛГБТИ+ лицата.[163] Собранието ги усвои измените и дополнувањата на 1 односно 8 април.[164][165] Активистите ги опишаа мерките како индикативни за поширокото назадување во однос човековите права и граѓанскиот простор.[166]

По повод Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, беа обновени повиците за усвојување на вонсудска постапка за правно признавање на родот, депатологизација на транс идентитетите и целосен пристап до здравствено осигурување за сите процедури поврзани со родовата афирмација.[167] Шестата по ред Парада на гордоста во Скопје беше најавена под слоганот „Ќе (оп)стоиме заедно!", нагласувајќи ја отпорноста и солидарноста на заедницата во услови на политички и институционални предизвици.[168] На 21 јуни, граѓаните маршираа на Парадата на гордоста, демонстрирајќи видлива поддршка за еднаквоста,[169] истакнувајќи дека долгоочекуваниот Закон за правно признавање на родот, поднесен од седум пратеници, се држи во фиока веќе две години без јавна дебата или акција, при тоа наведувајќи дека ова одложување не е бирократски пропуст, туку „свесна одлука на државата да ја продолжи неправдата против трансродовите лица".[170] Се одржа и фестивалот „Викенд на гордоста", па тема „Југоквир", на кој се славеше регионалната квир култура и отпор.[171]

Во еден значаен судски предмет, 30-годишен маж доби условна казна од една година за поттикнување омраза кон ЛГБТИ+ заедницата во онлајн коментари поврзани со Парадата на гордоста одржана во Скопје во 2022 г. Пресудата вклучуваше условна казна и судски надзор, што претставува редок правен одговор на говор на омраза базиран на сексуална ориентација.[172]

163 Повик до претседателката на РСМ, Гордана Сиљановска-Давкова за непотпишување на указите за штетни законски измени во образованието и доследно спроведување на заложбите за родова еднаквост, Платформа за родова еднаквост, 4 април 2025, http://bit.ly/3IBvw6t.

164 Сиљановска-Давкова ги потпиша Законот за основното образование и Законот за учебници, MKD.mk, 8 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/siljanovska-davkova-gi-potpisha-zakonot-za-osnovnoto-obrazovanie-i-zakonot-za-uchebnici/.

165 Собранието ги усвои измените во Законот за средно образование, Слободен печат, 8 април 2025, https://www.slobodenpecat.mk/sobranieto-gi-usvoi-izmenite-vo-zakonot-za-sredno-obrazovanie/.

166 Цветковиќ во „Што има ново?": Патриотска должност е да го одзаробиме образованието, 14 април 2025, Racin.mk, https://racin.mk/makedonija/czvetkovik-vo-shto-ima-novo-patriotska-dolzhnost-e-da-go-odzarobime-obrazovanieto/.

167 Здружението за поддршка на трансродови лица бара целосна заштита на нивните права, Trn.Mk, 1 април 2025, https://trn.mk/zdruzhenieto-za-poddrshka-na-transrodovi-licza-bara-czelosna-zashtita-na-nivnite-prava/.

168 „Ќе (оп)стоиме заедно!": Скопската парада на гордоста ќе се одржи на 21 јуни без забава, со отпор, Радио МОФ, 16 јуни 2025, https://www.radiomof.mk/kje-opstoime-zaedno-skopskata-parada-na-gordosta-kje-se-odrzhi-na-21-juni-bez-zabava-so-otpor/.

169 Граѓаните на Скопје Прајд 2025 го кренаа гласот за безбедно образование, правда за Кочани и Палестина, Радио МОФ, 21 јуни 2025, https://www.radiomof.mk/galerijavideo-gragjanite-na-skopje-prajd-2025-go-krenaa-glasot-za-bezbedno-obrazovanie-pravda-za-kochani-i-palestina/.

170 Институционално насилство е што две години седи во фиока Законот за правно признавање на родот, рекоа учесниците на скопската Парада на гордоста, Сакам да кажам, 21 јуни 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/institutsionalno-nasilstvo-e-shto-dve-godini-sedi-vo-fioka-zakonot-za-pravno-priznavane-na-rodot-rekoa-uchesnitsite-na-skopskata-parada-na-gordosta/.

171 „Југоквир" е темата на фестивалот „Викенд на гордоста – Скопје 2025" кој ќе се одржи од 3 до 14 јуни, Радио МОФ, 16 мај 2025, https://www.radiomof.mk/jugokvir-e-temata-na-festivalot-vikend-na-gordosta-skopje-2025-koj-kje-se-odrzhi-od-3-do-14-juni/.

172 Обвинет призна вина за ширење омраза кон маргинализирана група, Официјална веб страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 8 мај 2025, https://jorm.gov.mk/obvinet-prizna-vina-za-shirene-omraza-kon-marginalizirana-grupa/.

## Роми

На 8 април беше одбележан Меѓународниот ден на Ромите, при што Народниот правобранител,[173] КСЗД,[174] и претседателката на Северна Македонија[175] ја нагласија потребата од посуштински напори за елиминирање на системската дискриминација и предрасуди. Тие забележаа дека Ромите остануваат меѓу најмаргинализираните групи во земјата и ја потврдија својата посветеност на унапредување на интеграцијата и еднаквоста на Ромите низ целата земја. На 14 април, властите го најавија почетокот на програма за економски поттик во насока на унапредување на вработувањето на ромските жени, придружена со мерки за подобрување на образованието и зајакнување на организациите во заедницата.[176]

И покрај бројните позитивни чекори во последните години, ромските заедници и понатаму се соочуваат со широко распространета дискриминација и маргинализација, вклучително и постојани предизвици во домувањето, вработувањето и пристапот до здравствени услуги.[177] Во овој поглед, КСЗД утврди дека ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје дискриминирало граѓани на општина Шуто Оризари, прекршувајќи го нивното право на здрава животна средина преку несоодветно собирање и транспорт на отпад во општината.[178]

Посетата на комесарот за човекови права на Советот на Европа на Северна Македонија се фокусираше на две клучни области: правата на ромските заедници, апелирајќи до Владата да усвои конкретни мерки за подобрување на условите за живот, пристапот до образование, намалување на ризиците по животната средина и здравје и гарантирање на еднаков пристап до можностите; и на правото на здрава животна средина за сите граѓани, истакнувајќи ја неговата суштина како темелно право и дискутирајќи за пошироки прашања како што се деградацијата на животната средина, вклучувајќи го загадувањето, лошото управување со отпадот и недостатокот на делотворно спроведување на прописите за животна средина, што негативно влијае врз здравјето и благосостојбата на ромското население.[179]

173 Зибери: Интеграцијата на Ромите во општеството ќе продолжи со позасилено темпо, Mkd.mk, 8 април 2025, https://mkd.mk/makedonija/ziberi-integracijata-na-romite-vo-opshtetstvoto-kje-prodolzhi-so-pozasileno-tempo/.

174 Соопштение по повод Меѓународниот ден на Ромите – 8 април, Официјална веб страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 8 април 2025, http://bit.ly/4m4NI6L.

175 Сиљановска-Давкова: Без Ромите нема успешна демократска македонска приказна, Канал 5, 8 април 2025, https://kanal5.com.mk/siljanovska-davkova-bez-romite-nema-uspeshna-demokratska-makedonska-prikazna/a693715.

176 Почнува економско стимулирање на вработувањата на жените Роми, 24 Вести, 14 април 2025, https://24.mk/details/pochnuva-ekonomsko-stimuliranje-na-vrabotuvanjata-na-zhenite-romi.

177 И покрај бројни позитивни чекори, Ромите и натаму често се дискриминирани во Македонија, вели европскиот комесар за човекови права Мајкл О'Флаерти, Сакам да кажам, 29 април 2025, https://sdk.mk/index.php/makedonija/i-pokraj-brojni-pozitivni-chekori-romite-i-natamu-chesto-se-diskriminirani-vo-makedonija-veli-evropskiot-komesar-za-chovekovi-prava-majkl-o-flaerti/.

178 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Претставка 08-66 (750) од 29.04.2025, 29 април 2025, https://bit.ly/40uddGv.

179 Council of Europe urges North Macedonia to uphold Roma rights and take urgent action for a healthy environment (Советот на Европа ја повикува Северна Македонија да ги почитува правата на Ромите и да преземе итни мерки за здрава животна средина), Официјална веб страница на Комесарот за човекови права на Советот на Европа, 29 април 2025, https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/north-macedonia-maintain-commitment-to-human-rights-of-roma-and-take-urgent-action-for-a-healthy-environment-for-all.

